**Согласно Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, донесен на 12.12.2014 од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ, ул. 5-та Партиска Конференција 32А,2000 Штип, ЕДБ 4029998113370, објавува**

# ПРАВИЛНИК НАГРАДНА ИГРА " МОМЕНТИ НА СРЕЌА"

## Член 1

Со овој Правилник ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ (во продолжение : Организатор), ул. 5-та Партиска Конференција 32А,2000 Штип во програмата на радио Канал 77 организира наградна игра ''Моменти на среќа'' подржано од Флекс Кредит

## Член 2

Целта на наградната игра е да се постигне промотивен ефект за Организаторот и подржувач Флекс Кредит, да се поврзат слушателите со радио Канал 77 и јакнење на свесноста за брендот на радио Канал 77 и Флекс Кредит.

## Член 3

Наградната игра се одвива на програмата на Радио Канал 77 и ќе се започне од 02.12.2024 до 27.12.2023 и истата се одвива секој работен ден од понеделник до петок во 08:10 часот во кој се објавува добитникот на наградата за тој ден. Добитникот на наградата се вклучува во живо со цел да ја сподели својата приказна со која се пријавил на наградната игра. Во награданата игра ќе има макисум 19 добитници на награди, еден добитник дневно, секој работен ден од понеделник до петок.

## Член 4

На веб страната на Канал 77 е поставена контакт форма преку која слушателите можат да се пријават за учество во наградната игра со внесување на свои податоци, пишување на својата приказна за тоа кој ги направил среќен оваа 2024 година. Жири комисијата составена за оваа наградна игра секој ден ќе одбира по еден добитник кој се има пријавено со својата. Водителите на ''Утринско шоу'' Христина и Мирко секој работен во 08:10 часот ќе го објават добитник на наградата за тој ден и истиот ќе го вклучат во етер со цел да ја сподели својата приказна на цела Македонија.

## Член 5

Добитниците во наградната игра можат да учествуваат еднаш. Едно лице може да освои само една награда.

**Член 6**

Максималната вредност на дневната награда е 6.000,оо денари (нето). На добитникот на наградата ќе му бидат исплатени паричните средства на трансакциска сметка од страна на Радио Канал 77, за што лицето чијашто приказна е избрана за добитна за дадениот ден ќе биде контактирано од службите на Радио Канал 77 со цел да ги достави бараните податоци на личноста која го направила среќна.

**Член 7**

Организаторот на играта го објавува добитникот секој работен ден во 08:10 часот наутро. На добитникот на наградата ќе му бидат исплатени паричните средства на трансакциска сметка од страна на Радио Канал 77 во рок од 30 дена од добивање на наградата, за што лицето ќе биде контактирано од службите на Радио Канал 77 со цел да ги достави бараните податоци.

Сите добитници ќе бидат објавени и на веб страната на радио Канал 77 https://kanal77.mk/.

**Член 8**

Во согланост со позитивните законски регулативи за регуларност, спроведувањето на натпреварот го спроведува тричлена комисија на Радио Канал 77

Виктор Гаврилов
Христина Спирова
Емилија Гаврилова

**Член 9**

Право на учество имаат сите полнолетни граѓани на Република Северна Македонија кој во период од 90 дена не се освојувале награди, на игри на Радио Канал 77.Вработените во Радио Канал 77, поврзани компании, постојани соработници и нивните семејства немаат право на учество во наградната игра. Организаторот не е одговорен ако лицето одбие да ја земе наградата. Со учество во наградната игра, учесниците ги прифаќаат правилата утврдени со овој Правилник и дозволуваат нивните фотографии и лични податоци да бидат објавени во етер или на веб-страницата на Организаторот за маркетинг и промотивни активности.Со прифаќање на овие правила во наградната игра, учесниците се согласни дека безусловно и бесплатно ги пренесуваат сите свои авторски права поврзани со учеството во оваа наградна игра на Организаторот.

**Член 10**

Добитникот ја подига наградата со приложување на валиден документ за лична идентификација кој е со податоци идентично наведени како во пријавата. На добитникот на наградата ќе му бидат исплатени паричните средства на трансакциска сметка од страна на Радио Канал 77, за што лицето ќе биде контактирано од службите на Радио Канал 77 со цел да ги достави бараните податоци. Наградата ќе му биде исплатена на добитникот во максимален рок од 30 дена од добивањето на

истата. Во моментот на исплата на наградата, престануваат сите обврски на Организаторот на играта кон победникот.Организаторот не е одговорен доколку победникот не ги исполнува критериумите за користење на наградата и таквото оправдување  не  е причина за промена на наградата. Во случај победникот да не ги достави бараните податоци во рок од 7 дена од добиеното барање од страна на Радио Канал 77 го губи правото на побарување на истата.

**Член 11**

Орагнизаторот на наградната игра може да ја стави во повремено мирување или да ја прекине во случај на Виша сила и серизони економски проблеми. Радио Канал 77 се оградува од какви било технички проблеми за време на натпреварот.

**Член 12**

Со учество во наградната игра, секој учесник ги прифаќа горенаведените права и обврски од овој Правилник. Во случај на спор надлежен е Основен суд Штип

**Член 13**

Овој Правилник стапува на сила со денот на објавување на веб-страницата https://kanal77.mk/, а неговата важност трае до исплнување на сите одредби  предвидени во членовите на овој Правилник.

Штип, 26.11.2024